До: ВАШ СЕРВИС ДОО Скопје
Бул.”АСНОМ” бр.56/9
Скопје

Наш број: Уп.08-22

Дата: 27.09.2022 г

Предмет: Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022) и врз основа на член 3 став 1 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), постапувајќи по барањето на “ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје, за издавање на лиценца за вршење на дејностите на управување со станбени згради, на седницата одржана на 27-09-2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. На “ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје, му се издава лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради
2. За издавање на лиценцата од став 1 фирмата “ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје, се задолжува да плати надоместок во висина од 150 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на уплатата, со цел на дознака: надоместок за лиценца, назив на примачот: Регулаторна комисија за домување – Скопје, сметка на примачот: 020096159063116, приходна шифра:725939, програма 20
3. Правата и обврските на управителот за вршење на дејностите на управување со станбени згради се определени со член 19 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010, бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016 бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022)
4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето

Образложение

“ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје, до Регулаторната комисија за домување поднесе Барање со наш бр.Уп08-22 од 19.09.2022 година, за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради, со прилог:

- Доказ за регистрација во Централниот регистар на РМ со минимален паричен влог од 5000 евра во денарска противвредност
- Тековна состојба на вистински сопственици на субјект
- Доказ за три вработени лица (М1 и М2 образец за еден дипломиран економист и за две лица со средно образование)
- Изјава за веродостојност на податоците заверена на Нотар

Поднесеното барање со приложената потребна документација беше разгледано од Регулаторната комисија за домување и беше констатирано дека “ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје, ги исполнува условите согласно член 10 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010 бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/1012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018, "Службен весник на РСМ" бр.302/2020 и бр.150/2022).

На ден 27.09.2022г. Регулаторната комисија за домување одржа редовна седница и донесе Решение за издавање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради на “ВАШ СЕРВИС” ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Република Македонија • Republika e Maqedonisë
Регулаторна комисија за домување • Komisioni Rregullator për Banim

Изготвил: Јасмина Петреска